# Одговор на Владата на Република Северна Македонија по Извештајот на Комитетот за борба против тортура,нехуман или деградирачки третман или казнување (КПТ) од 2 до 12 декември 2019 г

## Полициски притвор

**Член 12-14**

Стандардните оперативни процедури се ажурирани во 2018 г., под менторство на Советот на Европа и ги опфаќаат сите клучни препораки од Советот на Европа и сите клучни препораки од Народниот правобранител,

- СОП се имплементираат, како задолжителна инструкција,
- имплементацијата е често предмет на контрола,
- многу ја олеснува работата на предметната проблематика,
- МВР ја прифаќа оценката на Народниот правобранител дека СОП целосно ја регулира проблематиката,
- во делот на бесплатната правна помош има напредок при имплементацијата, клучно е дали странката сака бранител- а тоа секогаш се укажува, додека онаму каде по закон е задолжително неговото присуство- тоа задолжително се овозможува,
- соработката со Адвокатската комора е коректна - но прашањето постои колку адвокатите се одзиваат на повикот особено во случаи на финансиски ранливи категории (препознаено од КПТ како општ проблем- како што посочи самата делегација),
- подобрени се материјалните услови во повеќе полициски станици,
- особено внимание е посветено на подобрување на материјално техничките услови на просториите за задржани лица,
- во периодот од изминатата посета особено внимание од МВР е посветено на јакнењето на своите човечки ресурси,
- акцент се става на постапувањето со повиканите, приведените и задржаните лица-токму каде и постои најмногу простор за непочитување на човековите права,
- особено внимание е посветено на консолидирање на постапките за постапувањето со задржаните лица,
- во изминатиот период МВР особен акцент стави на обуките, со акцент на полициската етика во постапувањето на полициските службеници,

Во однос на состојбите во делот на внатрешната контрола и професионалните стандарди:

- во полициските станици има службеници за задржување, во поголемите полициски станици – сменоводител со 24-часовно присуство,
- во помалите по 2 полицајци, планирани се по 4 со 24-часовно присуство, сето е дел од систематизацијата која се очекува да се усвои во најкус рок,
- во однос на организациската единица за внатрешна контрола, екипираноста и фокусот е ставен на пополнување на работните места со високо-квалитетни и стручни кадри, се бараат многу високи критериуми,
- во соработка со Советот на Европа подобрена е материјално-техничката состојба на Одделот,
- спроведени се поголем број на обуки во периодот од 2015 г наваму,

- Јавното обвинителство веднаш се запознава за примена пријава или добиени сознанија,
- со истото постои одлична соработка,
- дисциплинската не ја исклучува и кривичната одговорност и обратно,
- се вршат форензички прегледи, односно се обезбедува целокупна медицинска документација, се врши разговор со жртвата, се излегува на лице место итн.
- во 2019 г., се покренати голем број на постапки за утврдување дисциплинска одговорност (285)
- Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди - ОВККИПС пружа поддршка на Јавното обвинителство (првенствено поради неговата (не)екипираност со истражители за кои е во тек постапка за пополнување каде исто така се бараат многу високи критериуми,
- постапката за пополнување со истражители е прашање за Јавното обвинителство т.е. прашањето е во нивен делокруг,
- вложени се напори за формирањето на Надворешниот механизам за контрола на работата на полицијата и соработката со Народниот правобранител,
- Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и натаму останува значаен ресурс на Министерството за внатрешни работи.
- Одделението за превенција и интегритет постои многу кратко време, но се преземаат многу активности во однос на примената на полициските овластувања,
- има пад на добиените поплаки за разлика од претходните години.

Во однос на полициско задржување за наводите во извештајот за полициско задржување, известувам дека согласно Законот за кривична постапка („Службен весник на РМ“ број 150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), Законот за полиција („Службен весник на РМ“ број 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), Стандардните оперативни процедури за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење (приведени, лишени од слобода, задржани лица) во полициските станици од општа надлежност, лицето кое е одредено да врши прифат и да постапува со лицата кои се приведени и задржани од страна на полицијата, е смеоводителот во полициската станица. Во полициските станици, согласно стандардните процедури кои се применуваат за задржаните лица, се постапува на следниот начин: се врши проверка на идентитетот, претрес и одземање на предмети кои задржаното лице може да ги употреби за напад или самоповредување, се известува јавниот обвинител веднаш по приемот на лицето лишено од слобода, се информира лицето за неговите права (да биде информиран за причините за ограничување на правото за слободата на движење на јазикот што го разбира, правото да молчи и да не сведочи против себе или против друг, правото да се советува со бранител, правото на бранител за време на полициската постапка, право на медицинска помош, право да се информира член на семејството на задржаното лице или нему блиско лице по негов избор). Воедно, полицискиот службеник за прифат-сменоводител изготвува писмено образложение, се составува записник за задржување на лице и се отвора посебна папка за задржани лица и евидентирање на задржувањето во соодветните евиденции-Евиденција за дневни настани во врска со вршењето на полициските работи и во Евиденција за лица лишени од слобода и задржани лица.

Посочуваме дека согласно измените и дополнувањата на Законот за полиција, задржувањето на лице под дејство на алкохол или други психотропни супстанци, може да трае најмногу 12 часа (член 50а од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција „Службен весник на РМ„ број 21/18).

Во врска со тврдењето дека од страна на припадниците на Посебната единица за поддршка при министерството е извршено несоодветно постапување со притворениците во затворот Скопје, што се опишани во точка 42 а се однесува на периодот кога се префрлуваат во суд или во болница, информираме дека сите асистенции на спровод од казнено-поправните установи извршени од страна на полициски службеници од единиците на Одделот за специјални полициски операции се исклучиво во придружба на надзорници од казнено-поправниот дом и истите се документирани.

Доколку има злоупотреба или пречекорување на овластувањата на полициските службеници, по секоја претставка постапува одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Во врска со препораката за обука за сите затворски службеници односно членовите на Специјалната единица за придружба од МВР, истакнуваме дека полициските службеници од единиците на Одделот за специјални полициски операции, покрај во рамки на основната обука, се обучуваат со дополнителни техники за контрола и физичко ограничување/присила кои се пренесени од обуки што се спроведени во соработка со специјалните полиции во Европа.

**<u>Член 15-17</u>**

Во однос на прашањата кои се однесуваат на работата во делот на внатрешната контрола и професионалните стандарди би сакале да потенцираме дека:

-До сите организациски единици во Министерството кои применуваат полициски овластувања во кои припаѓаат: лишување од слобода (приведување и задржување на лица), од страна на Одделот доставена е телеграма бр.14.2.2-85/2 од 26.02.2020 г. за доследна примена на сите законски, подзаконски и интерни прописи што ја регулираат оваа материја со напомена дека за секое констатирано непочитување ќе се превземаат соодветни мерки од наша надлежност;

- Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права при Одделот, спроведува превентивни активности кои се дел од „Програмата за јакнење на полицискиот интегритет“, континуирано во период од три години во соработка со Хелсиншкиот комитет за човекови права и Здружение на новинари на РСМ. Целна група се полициските службеници во СВР и РЦ за ГР на кои покрај останатите содржини од програмата, посебен акцент е ставен на корпусот полициски овластувања во кои спаѓаат и законските обврски за постапување со лица лишени од слобода (приведени и задржани). Одделението планира и во иднина за оваа област на полициското работење да се организираат повеќе работилници и едукативни предавања.

- Согласно членот 23 од Правилникот за вршење на работите во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди предвидена е и контрола на квалитетот на извршување на делокругот на надлежности на организациските единици во Министерството или Полицијата. Ваквите контроли се спроведуваат континуирано во текот на целата година (редовни и вонредни) и задолжително опфаќаат увид во евиденциите на полициските станици за лицата лишени од слобода (приведени и задржани), поуката за права на истите, при што за секој констатиран пропуст се преземаат соодветни мерки.

Исто така, согласно споменатата телеграма, (од 26.02.2020 г.,), упатена и доставена до сите полициски станици од општа надлежност, Одделенија за криминалистичка полиција во секторите за внатрешни работи, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи и полициските станици за граничен премин и граничен надзор во регионалните центри за гранични работи, се укажа дека:

Комитетот против тортура на Советот на Европа, по реализираната посета на земјата, во периодот од 02-12 декември 2019 година, во чии рамки беа посетени повеќе полициски станици, констатира забелешки кои се однесуваат на спроведување на мерките за заштита против малтретирање на приведени, лишени од слобода и задржани лица, како и обезбедување на правото на известување на други лица, право на адвокат и лекар.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди како организациска единица во МВР надлежна за констатирање на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи укажа на доследна примена на:

- Закон за полиција, и тоа: глава IV – Полициски овластувања, член 32 и 34; Лишување од слобода, член 45-а; Приведување, член 46, 46-а, 46-б и Задржување, член 50.
- Правилник за начинот на вршење на полициските работи, и тоа: глава II – Примена на полициски овластувања.

- Кодекс на полициска етика и тоа : Глава IX – Полициска интервенција во членовите 36, 37, 38, 39, 45, 54, 55 и 56
- Стандардната оперативна процедура за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење (приведени, лишени од слобода, задржани лица), односно на сите законски, подзаконски и интерни прописи што ја регулираат оваа материја.

Се укажа дека заради законито спроведување на полициските овластувања, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе се врши контрола и за секое констатирано непочитување ќе се преземаат соодветни мерки.

Дополнително, известуваме дека за време на стручните надзори кои се реализираат од страна на Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет (ЕСПСКК), не се констатирани евидентирани поплаки или претставки против полициски службеници кои не биле проследени до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

**Член 17-19**

Во изминатиот период Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи нема спроведувано обуки за полициски службеници во однос на предметната проблематика, пред сѐ поради пандемијата од COVID 19 и заради заштита на здравјето.

Сепак, од 23.12.2019 година, започна основна обука за полициски службеник за 572 (моментално) кандидати за полициски службеник, каде што во првиот Модул се изучуваа:

1. Полициски интегритет и професионален однос на полицискиот службеник,
2. Полициска етика,
3. Недискриминација во полициско постапување.

Во вториот Модул (кој моментално се реализира) се изучуваат:

1. Лишување од слобода и приведување на лица,
2. Задржување на лица и спречување на несоодветно постапување,
3. Справување со криминал од омраза.

Наставата за кандидатите за полициски службеник, се одвива комбинирано, со физичко присуство и on line – настава.

Едновремено, во процес е продолжувањето на обуките за „Полициско постапување со припадници на маргинализирани групи„ за полициските службеници, кој беше прекинат во месец март 2020 година.

Исто така, Единицата за стратешко планирање, стандарди и контрола на квалитет – ЕСПСКК, иницираше и учествуваше во спроведување на обуки за стандардните оперативни процедури во кои експлицитно се забранети сите форми на несоодветно постапување (вербално малтретирање, физичко малтретирање, закани и сл.).

Во однос на прашањето за различните елементи од кои се сочинети строгите законски постапки за вработување на полициски службеници“, известувам дека согласно законските одредби, работен однос во полицијата, може да заснова лице кое ги исполнува следниве општи услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија,
2) да е полнолетно, а да не наполнило 25 години живот ако за првпат заснова работен однос на работно место во министерството за кое е предвидено средно образование, односно 30 години живот ако за првпат заснова работен однос на работно место во министерството за кое е предвидено високо образование,
3) активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,
4) со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето,
5) да има завршено најмалку четиригодишно средно образование,

6) да е здравствено и психофизички способно и
7) со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Со актот за систематизација на работните места во министерството, можат да се утврдат и посебни услови за засновање на работен однос во полицијата.

Истовремено, при вработувањето во полицијата, треба да бидат соодветни и правично застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите за стручност и компетентност и да се почитува принципот на еднаквост на половите.

На работно место–полицаец, работен однос во министерството се заснова само врз основа на јавен оглас. Од пријавените лица на јавниот оглас, врз основа на спроведена постапка за селекција, се врши избор на лица-кандидати за полицаец.

Селекцијата се спроведува во следниве фази:

- административна селекција на поднесената документација,
- проверка на моторички способности,
- психолошки тест,
- писмено тестирање,
- интервју,
- безбедносна проверка и здравствени прегледи.

Кандидатите за работно место „полицаец“ се упатуваат на основна обука за полицаец во Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи. Овие лица не се во работен однос во министерството, туку имаат потпишано Договор за основна обука за полицаец. Договор за вработување за работно место – полицаец, се склучува со кандидатот за полицаец, кој ја завршил основната обука за полицаец и кој врз основа на постигнатите резултати, соодветно е внесен во ранг-листата изготвена од Центарот за обука.

**Истражни постапки**

Во согласност со Законот за кривична постапка, истрагата директно ја води Јавниот обвинител, кој дава насоки и добива известувања од полициските службеници во однос на пријавените кривични дела. Признанието пред полициските службеници нема никаква доказна вредност пред надлежниот суд, а и Јавниот обвинител нема да прифати да води предмет пред надлежен суд кој се заснова само на признание, без материјален доказ. Истрагата што ја водат полициските службеници првенствено се заснова на разузнавачки информации и материјални докази.

Би сакале да истакнеме дека согласно позитивното законодавство на Република Северна Македонија, во член 12 став 1 и 2 од Законот за кривичната постапка (законитост на доказите), забрането е од обвинетиот или од друго лице кое учествува во постапката да се изнудува признание или некаква друга изјава. Доказите прибавени на незаконит начин, или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, законите или меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив – не можат да се користат и врз нив, не може да се заснова судската одлука.

Полициските службеници во своето работење постапуваат согласно Законот за полиција и Законот за кривична постапка. Доколку некој полициски службеник не постапува согласно позитивните законски норми, ќе сноси одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина-дисциплинска одговорност или кривична одговорност и за истото ќе биде известен Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како и надлежниот Јавен обвинител доколку има сомнение дека е извршено кривично дело.

**<u>Член 22</u>**

Во однос на Надворешниот механизам за контрола, упатуваме дека тројцата претставници од граѓанското општество се назначени во јануари 2020 и ги презедоа функциите во канцеларијата на Народниот правобранител.

**<u>Член 24</u>**

Павото да информира член од семејството, роднина или блиско лице е гарантирано со закон, а процедурата ја дава и можноста, лицето да изврши телефонски разговор во полициската станица бесплатно. Со оглед на тоа дека сите права лицето ги има во текот на задржувањето и истото има право да ги оствари во било кој момент на негова слободно изразена волја, би сакале да го истакнеме фактот, дека лицето има право да го искористи односно доколку не сака - да не го искористи наведеното право.

**<u>Членови 25, 26, 27, 31</u>**

Ке се направат напори и циркуларно ќе се достави задолжителна насока до сите полициски станици кои имаат овластување за задржување на лица, уредно, прецизно и со јасно дефинирани временски интервали на остварување на процедуралните права да се евидентираат во записникот за задржување на лица и во Евиденцијата за лицата на кои им е ограничено правото на слобода на движење - истото се однесува на сите права кои ги има лицето на кое му е ограничено правото на слобода на движење, правото на бранител е едно од суштинските процесни права. Изборот на присуство на бранител во полициска постапка е едно од суштинските процесни права. Изборот на присуство на бранител во полициска постапка повторно е прашање на волјата на задржаното лице. Но, со оглед на тоа дека најранливата категорија на граѓани најчесто не е во можност да го оствари правото на бранител, согласно препораката на Комитетот, ќе се достави известување до Адвокатската комора на Република Северна Македонија.

**<u>Член 28</u>**

Во однос на потточката 28, во врска со констатацијата „На крајот, во СОП треба да се наведе и дека медицинската помош треба да се обезбеди за да се осигури континуитет на пропишаната терапија на задржаните лица (на пример, метадон и инсулин)“, констатираме дека СОП ја третира оваа категорија на граѓани и експлицитно е наведено дека „Лекарска помош ќе се обезбеди за лицето и доколку лицето извести дека е под редовна терапија (метадон, инсулин или друг вид на терапија)“.
Во однос на препораката дека лицето задолжително треба да добие лекарска помош секогаш кога бара, како и по однос на препораката за фотографирање на лицата секогаш кога имаат повреди, за истите известувам дека ќе биде дадена насока до сите полициски станици кои имаат овластување за задржување на лица.

**<u>Член 32</u>**

Во однос на реновирањето на полициските станици (точка 5. Услови за притвор во установите, потточка 32), реновирањето се одвива согласно утврдена динамика и испланираниот буџет определен од надлежната организациска единица за финансии.

Во врска со делот кој се однесува на изградбата, реновирањето, реконструкцијата и опремувањето со аудио и видео опрема на просториите за задржување кои произлегуваат од Правилникот за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување од општа надлежност во секторите за внатрешни работи во Бирото за јавна безбедност бр. 12.1-9521/3 од 13.02.2012 година, надлежни се Одделот за општи и заеднички работи и Одделот за информатика и телекомуникации кои имаат донесено Акциски план за имплементација, согласно буџетските можности на Министерството за внатрешни работи.

Во врска со недостатоците кои се однесуваат на просториите за задржување, од страна на секторите за внатрешни работи до Одделот за општи и заеднички работи и Одделот за информатика и телекомуникации редовно се доставуваат барања за отстранување на технички неисправности во системот за повикување и видео мониторинг, за потребата од приспособување на посебните простории за разговор и задржување на деца, поправки на неисправна електрична инсталација, изградба на нови простории за задржување на лица, изградба на посебни простории за задржување на деца, изградба на нови простории за разговор со лица лишени од слобода и опремување со видео надзор.

Министерството за внатрешни работи, согласно донесениот Правилник за општите нормативи и стандарди кои треба да ги исполнуваат просториите за задржување од општа надлежност во секторите за внатрешни работи во Бирото за јавна безбедност бр. 12.1-9521/3 од 13.02.2012 година, донесе Акциски план за реновирање и реконструкција на просториите за задржување на лица во полициските станици од општа надлежност.

Исто така, Министерот за внатрешни работи врз основа на член 161 став 4 од Законот за кривична постапка донесе решение за определување на полициски станици за задржување на лица (Службен весник бр. 80 од 07.05.2018 година). Сакаме да истакнеме дека преку проектот од 2015 година, „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица“ – финансиран преку ИПА 2009 година, целосно се реновирани просториите за задржување во следните полициски станици (ПС): ПС Кисела Вода, ПС Карпош, ПС Гази Баба, ПС Бит Пазар, ПС Центар, ПС Ѓорче Петров, ПС Штип, ПС Гевгелија, ПС Прилеп, ПС Гостивар, ПС Тетово, ПС Кичево, ПС Пробиштип и ПС Куманово.

**<u>Член 33</u>**

Обезбедувањето на храна е опфатено со Процедурата за постапување со лица на кои им е ограничено правото на слобода на движење и во истата е определено следното:
„Задржаното лице има право на храна и вода. Ако е задржано повеќе од шест часа, потребно е да му се обезбеди храна. Храна се обезбедува: од лични пари на задржаниот, од пари на неговото/нејзиното семејство, од буџет на Министерството за внатрешни работи, со доставување на фактура или фискална сметка или од фондот на парични средства кои се чуваат во полициските станици”.

Доколку со тоа не се попречува редот и безбедноста на полициската станица, храната може да се обезбеди од лични средства на задржаното лице или од неговото или нејзиното семејство.

Полициските службеници се грижат понудената храна да биде во согласност со религиозните правила на задржаното лице и во согласност со посебните здравствени потреби на лицето, кои го ограничуваат да конзумира одреден вид на храна (пример лице болно од дијабетис или сл.).

Времето кога на задржаното лице му е дадена храна се забележува и во досието за задржаното лице, а истото може да се забележи во посебна службена белешка или во рубриката забелешка на крајот на записникот.

## Затворски установи

**<u>Член 6</u>**
Во однос на забелешките кои се однесуваат на случаите на несоодветно постапување во затворски услови, односно на наводите за употреба на физичка сила и лошо постапување од страна на припадниците на затворска полиција, информираме дека Управата за извршување на санкциите писмено се обрати до КПД Идризово со цел проверка на наводите, при што добиено е известување од страна на директорот на КПД Идризово дека преземени се итни мерки за проверка на наводите на осудените лица и по спроведена истрага не се докажани случаи на несоодветно постапување од страна на припадници на затворска полиција во текот на 2019 година.

Во однос на оваа прашање, Управата за извршување на санкциите информира дека од 02 февруари 2018 година со донесување на Закон за дополнување на Закон за извршување на санкциите предвидени се законски одредби во кои е предвидено дека доколку постои основано сомнение дека припадник на затворска полиција сторил кривично дело при вршење на службено дејствие или за кривично дело вон служба со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, мачење и друго сурово , нечовечко постапувње и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, КПУ и ВПУ или УИС без одлагање го известуваат одделение за истражување и гоње на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворска полиција во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Овие законски одредби се инкороприрани и во новиот Закон за извршување на санкциите. Во текот на 2019 година нема пријавени случаи за вакво постапување од страна на припадници на затворска полицаија од КПД Идризово.

Понатаму, со цел превенирање на вакви појави во текот на работењето на припадниците на затворската полиција во казнено-поправните установи, Управата за извршување на санкциите во текот на 2019 година има организирано неколку циклуса на обуки на затворскиот персонал, меѓу кои и обуки за човекови права со цел превенирање на лошо постапување во затворски услови. Во таа насока, во месец февруари во Тренинг Центарот при КПД Идризово, одржани се три еднодневни обуки на нововработените од затворска полиција за **<u>Кодекс на однесување на затворскиот персонал во казнено-поправните и воспитно-поправните установи</u>**. и на тема **<u>„Услови и начин на употреба на средства за присилба и постапување</u>** по Стандардниот оперативен протокол за употреба на средства за присилба".

Обуката ја поминаа вкупно 71, новоработени во затворската полиција од КПУ КПД Идризово, КПУ Затвор Скопје, ВПУ Тетово и КПУ Затвор Тетово.

Исто така со помош на Техничка помош во рамките на Проектот за реконструкција на КПУ во текот на 2019 година во Трениг Центар организирани се обуки на затворски персонал. Во обуките беа вклучени како лица кои веќе подого време се врботени така и новопримени лица , при што обуката ја помина околу 320 лица на тема –Човекови права во затворските услови.

Дополнително ,Управата за извршување на санкциите има предвидена посебна Стратешка цел во новата Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија ( 2021-2025) , во која цел ќе бидат предвидени мерки и активности во случај на појава на вакви појави и нивно решавање.

Исто така, Управата за извршување на санкците постојано презема мерки и активности за проверка на наводи за вакви појави во казнено-поправните установи во Р.С.Македонија преку вршење на надзори во истите и утврдување на фактичката состојба.

Во текот на 2019 година, Управата за извршување на санкциите во два наврата има извршено вонреден надзор за проверка на поплаки за неовластена употреба на средства за присилба од страна на припадник на затворска полиција, при што во двата случаии иако е поведена дисциплинска постапка од страна на директорот на КПД Идризово на барање на службени лица од УИС и дадена наредба од директорот на УИС, дисциплинската комисијата по разгледување на службените информации и увид во приложените докази и изјави од припадници на затворска полиција и други сведоци ,комисија поради недоволни факти и неможност за утврдување на целосната фактичката состојба има донесено решение за отфрлање на предлог за казнување за сторен дисциплински престап .

**Член 8 алинеја 1**

Во однос на препораката кој се однесува на систем на одговорност за корумпирани активности на персонал ве информираме дека во рамките на новата Национална стратегија за пенитенцијарниот систем (2021-2025 ) изработена со подршка на Совет на Европа која до крајот на годината се очекува да биде усвоена од Влада на РМ предвидена е посебна стратешка цел 7 кој се однесува на **Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизмите за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција** во чии рамки предвидени се конкретни активности и тоа :

- Воведување на системска унифицирна проверка при влез и излез во установата за целиот затворски персонал и евиденција за истото. (рок I квартал 2021)
- Исто така предвидена е обука за Кодекс на однесување на затворски персонал во КПУ и ВПУ ( основна обука за нововработени и континуирана обука на постојаниот персонал)

**Член 8 алинеја 2**

Во врска со препораките за кадровската состојба во затворскиот систем, информираме дека со внимание ги разгледавме сите забелешки посебно за КПД Идризово и Затвор Скопје и информираме дека има благо зголемување на бројот на припадници на затворска полиција во КПД Идризово после вашата посета и тоа за 16 припадници на затворска полиција. Зголемување на припадници на затворска полиција има и во Затвор Скопје и тоа за вкупно 22 припадника на затворска полиција.

**Член 8 алинеа 3**

Во однос на препораката која се однесува на професионално управување со затворите (во смисла на развој на кариера), претходно имаме информирано дека во новиот Закон за извршување на санкциите вметнати се законските одредби кои се однесуваат на делот на професионално управување со КПУ и ВПУ и согласно тие услови од вкупно 12 директори именувани се 4(четири) директори на КПУ( КПД Идризово, КПД Струга ,Затвор Охрид, Затвор Тетово ), еден заменик директор на Затвор Тетово и директорот на Управата за извршување на санкциите.

Исто така во однос на вашата препорака за транспарентност при назначување на директори и нивни заменици на КПУ и ВПУ ве информираме дека согласно член 32 од Закон за извршување на санкциите истите за првпат ќе се избираат по пат на јавен оглас кој треба да биде објавен во најмалку три дневни весници кои се издаваат ни цела територија на РСМ.

Дополнително информираме дека како една од главните заложбите на директор на УИС е зајакнување на капацитетите на раководни структури во установите поради што има посебна стратешка цел 2 и 3 во работната верзија на новата Националната стратегија (2021-2025) и тоа : .**Стратешка цел 2 – Зајакнување на капацитетите на раководство и надзор над пенитенцијарниот систем и Стратешка цел 3 - Зајакнување на професионалноста во затворската управа преку структурна и напредна обука ;**

Во однос на обуките на затворскиот персонал, Управата за извршување на санкциите, Ве информира дека во изминатиот период беа спроведувани обуки во Тренинг центар Идризово заклучно со февруари 2020 година, но поради состојба со COVID 19 и почитување на протоколите за заштита на здравје од пандемија сите обуки се откажани или пак се спроведуваат online. Но, би сакале да потенцираме дека Управата како орган задолжен за организирање на почетна и континуирана обука и усовршување на вработените останува во иднина штом се создадат условите активно да продолжи да организира обуки за вработените во Тренинг Центар во КПД Идризово.

Во однос на точка која се однесува на режимот на осудените лица и притворените лица КПУ, поточно да им се овозможи на сите осудени лица да поминат разумен дел од денот надвор од своите ќелии информираме дека , Управата свесна за овој проблем презеде активности за **Подобрување на условите и можностите за ангажирање на осудените лица во значајни и конструктивни слободни активности така што ги задолжи сите КПУ да** извршат проценка на тековната ситуација воКПУ и ВПУ на новите можности за организирање и обезбедување значајни и конструктивни активности во слободното време на осудените лица со цел итно вклучување на осудените лица во конкретни намески активности.

Дополнително информираме дека во Затвор Скопје опремена е фитнес-теретана внатре во установа која ја користат притворените лица додека теретана на отворено во рамките на установата има која е достапна само на осудените лица. Осудените лица исто така се вклучени во поголем број на активности од културно-уметнички карактер и тоа во: посета на театарски претстави, кино претстави, посета на ЗОО и сл.

**Член 11**

Во однос на здравствената заштита на осудените лица во КПД Идризово, Управата за извршување на санкциите ја истакнува својата загриженост во однос на истата и би сакале да истакнеме дека и покрај тоа што здравствена заштита е во надлежност на Министерството за здравство, Управата, дава целосно поддршка во процесот на подобрување на истата во казнено-поправните установи преку обезбедување на материјални услови, медицинска опрема и други ресурси

Што се однесува за останатите прашања околу здравствената заштита, Управата за извршување на санкциите постојано укажува на задолжителноста од следење на сите упатства, процедури и протоколи од областа на здравствената заштита. Во однос на зголемувањето на медицинскиот кадар, информираме дека постојано се бара вработување на нов кадар и воедно очекуваме дека и ова прашање да биде надминато во скоро време .

Меѓудругото информираме дека ставена е во функција нова амбуланта во полуотворено одделение и во истата ординира еден лекар по општа медицина еден ден во неделата како дополнување на лекарот кој постојано е присутен во установата во текот на целата неделата, така што во моментот КПД Идризово располага со двајца лекари и три медицински сестри, при што на тој начин здравствената нега на осудените лица е подобрена, но исто така сме свесни дека здравствената грижа е процес кој постојано треба да се подобрува и да се одржува.

Во делот на забелешките околу нефункционирање на стоматолошките услуги и нефункционирањето на стоматолошкиот стол, Ве информираме дека КПД Идризово има набавено стоматолошки стол и еднаш неделно доаѓа лекар- стоматолог во установата и на осудените лица им дава стоматолошки услуги во зависност од нивните потребите. Меѓудругото еднаш неделно во установата доага и еден лекар невропсихијатар заради пружање на грижа на осудените лица кои имаа ментални или психички нарушувања и проблеми, а доколку им се потребни специјалистички

прегледи осудените лица се спроведуваат до клиниките и на истите им се ординира препишаната медикаментна терапија,

Метадонската терапија во КПД Идризово е под надзор на лекар и истата на осудените лица им ја дели секогаш медицинско лице, а за време на викендите иста се дели од страна на лекар кој вонредно доага во установата.

Исто така, информираме дека во рамките на Проектот со Совет на Европа како што претходно сме информирале кој започна од септември 2019 година се предвидени низа активности заедно со Управата за извршување на санкциите и Министерството за здравство и кои требаше да започнат во првиот квартал на 2020 година, а се со цел подобрување на здравствена заштита на осудени лица привремно се одложени поради новонастаната ситуација со COVID 19 начелно до мај 2020 година.

Во рамките на проектот предвидено е изготвување на стратегии, нови протоколи за здравствена нега, голем број на активности со цел подобрување на здравствената заштита на осудените лица и ревидирање на постоечките акти како и обука на здравствените работници кои работат во КПУ или кои допрва ќе бидат ангажирани.

Дополнително,Управата за извршување на санкциите согледувајќи ја потребата од подобрување на здравствената заштита во затворскиот систем во новата Националната стратегија за пенитерцијарниот систем (2021-2025) подржана од Совет на Европа предвиде посебна стратешка цел –Подобрување на здравствената заштита во која директно се вклучени како членови во работна група преставници од Министерство за здравство и Фонд за здравствено осигурување и други медицински лица.

**<u>Член 34 -39 ( реформи во пенитерцијарниот систем)</u>**

Управата за извршување на санкциите постојано ги има предвид забелешките на Комитетот во однос за пренатрупаност во казнено-поправните установи и од ист причина во Националната стратегија за пенитерцијарниот систем (2021-2025) е предвидена како прва и приоритетна целПодобрување на материјалните услови во установите.Во рамките на истата се предвидени повеќе активности меѓу кои :

- Зголемени сместувачки и просторни капацитети и подобрени услови за престој и работа во казнено-поправните установи (КПУ) и воспитно-поправните установи (ВПУ);
- Да се продолжи со спроведувањето на „Проектот за реконструкција на КПУ“ за реконструирање, реновирање, изградба и опремување на КПД Идризово (втора фаза);
- Изградба на објекти во КПД Прилеп и КПД Штип;
- Обнова, реновирање и изградба на објекти во КПУ:

**<u>Член 40-44 ( несоодветно постапување)</u>**

Врз основа на препораките на Комитетот кои што се однесуваат за преземање на конкретни чекори за воспоставување ефикасни механизми за справување со случаите на несоодветно постапување на осудените лица во затворски услови, Управата за извршување на санкциите информира дека е предвидена посебна Стратешка цел во Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во РепубликаСеверна Македонија (2021-2025), која содржи мерки и активности за справување со оваа појава.Во рамките на оваа стратешка цел е предвидена посебна активност ревидирање на постоечкиот СОП за употреба на средства за присилба и обука на затворски персонал.

Исто така во рамките на **Проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во РСМ кој се имплементира од страна на СЕ** во прconfigured квартал на 2021 година ќе бидат ревидирани подзаконските акти Упатство за примена на средствата за присилба, како и Правилникот за начин на вооружување на припадници на затворска полиција.Предвидена е почетна и континуирана обука за примена на сила, вклучително и техники за деескалација во втор кавартал на 2021 година.

**<u>Член 45-47 ( насилство)</u>**

Во врска со препораката за спроведување на Стратегијата за борба против насилството помеѓу осудени лица во КПД Идризово и Затвор Скопје , информираме дека Управата за извршување на санкциите во текот на 2021 година ќе ја ревидира Стратегијата за обука на затворски персонал вклучувајќи ги тука сите програми за обука на затворски персонал. Исто така се планира во 2021 година да се изготви Годишна програма за обука на целиот затворски персонал за 2021 година, по што ќе се започне спроведување на континуирани обуки согласно годишниот план за обука.

Во таа насока се планира да се продолжи со обуките на затворски персонал кои беа започнати кон крајот на 2018 година и создавање на предуслови за примена на Програмата за намалување и спречување на насилство помеѓу осудени лица во КПУ изготвена во рамките на проектот "**Јакнење на заштитата на правата на осудените лица с**о цел унапредување на постапување на затворски персонал во случаии на справување со насилство меѓу осудените лица.

Дополнително во насока на спречување на насилство помеѓу осудените лица во новата Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025) предвидена е стратешка цел Воведување на стандардизиран образец и регистар за инциденти на насилство во сите КПУ и ВПУ со што ќе се овозможи поголема прегледност, унифицираност во евидентирање на вакви случаеви како и полесно расветлување на истите.

Исто така предвидена е посебна стратешка цел зајакнување на видео надзор во установите како и набавка на опрема за видео надзор со цел поголема контрола во КПУ и ВПУ како и обука на затворски персонал во однос на СОП за видео надзор во установите. Со овие активности затворскиот персонал ќе може полесно да ги следи случувањата во установата и да има увид во однесувањето на осудените лица.

Воедно се планира да се започне со обука на затворскиот персонал за динамичка безбедност, особено на нововработените и имплементација на концептот за динамична безбедност според СОП.

Во врска со препораката секогаш кога се евидентирани тешки телесни повреди од страна на лекар, кои се во согласност со наводите за насилство меѓу затворениците, записникот веднаш да се достави до надлежниот обвинител и да се поведе прелиминарна истрага информираме дека во иднина сите случаеви за кои има законска основа ќе бидат пријавени до надлежното основно обвиниелство.

**<u>Член 48-51 (затворски персонал)</u>**

Во однос на прашањето за критериумите што се користат за да се утврди бројот на вработените во КПУ и ВПУ информираме дека секоја установа согласно законските одредби изготвува функционална анализа која претставува алатка која на систематизиран, сеопфатен и детален начин ќе ја прикаже вистинската слика на расположливите ресурси наспроти идентификуваните проблеми и нивното влијание во пракса.Исто така таа преставува основа да се изработи нов акт за внатрешна организација и систематизација на работните места во установите во зависност од потребите на установите и нивниот делокруг на работа.

Понатаму се изготвува Правилник за систематизација на работни места. Во правилник се утврдува вкупниот број на вработените лица, распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единиции посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Дополнително информираме дека секоја установа има изготвено годишни планови за вработување за 2021 година меѓу кои и КПД Идризово каде се предвидени 11 вработувања во сектор за ресоцијализација и -27 припадници на затворска полиција , но би сакале да потенцираме дека одобрување за вработување дава Министерство за финасии кое одобрува финсиски средства за да може да биде распишан огласот за вработување на затворскиот персонал

Во однос на бројот на припадници на затворска полиција во КПД Идризово информираме дека бројот е зголемен, поради што е зголемен и бројот на припадници на затворска полиција во смени во затворено одделение на установата. Од тука наместо 4 припадници на затворска полиција кои беа затекнати за време на вашата посета сега бројката се движи од 10 до 13 лица во една смена. На почеток на 2021 година 17 лица ќе бидат преземени од Министерство за одбрана од кои 12 лица ќе бидат распоредени во КПД Идризово.

Исто така во текот на 2020 година во КПД Штип одобрена беше нова систематизација од Министерство за информатичко општество и во истата е предвидено зголемување на бројот на лица во сектор за ресоцијализација за 8 лица од моменталната бројка која изнесува 19 лица. Во наредниот период по одобрување на средства од Министерство за финасии истите согласно годишните планови за вработување се планира да се пополнат.
Во однос на препораките за задолжително спроведување на обука на затворски персонал како почетна така и континуирана обука информираме дека во целост се согласуваме со вашите забелешки дека недостасуваат обуките и дека потребно е Тренинг центарот во КПД Идризово да се користи постојано. Од тие причини во Националната стратегија за затворски систем (2021-2025) предвидена е посебна стратешка цел**Зајакнување на професионалноста на затворската управа преку структурирана и напредна обука во кој се предвидени низ активности меѓу кои** Зајакнување на функционалноста на Одделението за обука кои ќе изготви Годишна програма за обука на затворски персонал како и годишни планови за обука. Воедно предвидено е и ревидирање на Стратегијата за обука на затворски персонал во која ќе бидат разработени активности за постојана обука на затворски персонал.
Исто така во текот на 2021 година планирано е одделението за обуки при УИС да се дооекипира целосно од причина што во моментот е вработено само едно лице во тоа одделение.

**<u>Затвор Скопје</u>**
Моменталната бројна состојба на припадниците на затворска полиција е 119 извршители, така што зголемен е бројот на извршители во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ Скопје во споредба со бројната состојба за време на посетата во 2019 година кога биле ангажирани 101 припадници на затворската полиција, од кои 15 припадници на затворската полиција се на определено време и истите се предвидени во годишниот план за вработување за 2021 година. Оттука за разлика од 2019 година кога биле ангажирани од 15 до 17 припадници на затворската полиција на должност во смена, моментално ангажирани се од 21 до 23 припадници на затворската полиција во смена, и сите имаат статус на припадници на затворската полиција. Исто така во годишниот план за вработување за 2021 година предвидени се нови вработување и се чека одобрување на финасиски средства од Министерство за финасии за да истите се реализираат и тоа предвидени 5 вработувања во сектор за ресоцијализација и -32 припадници на затворска полиција.

**<u>Член 52-54 корупција</u>**

Врз основа на препораките на Комитетот кои се однесуваат за преземање на конкретни чекори за воспоставување на ефикасни механизми за справување со случаите на корупцијаво затворскиот систем,Управата за извршување на санкциите во Националната стратегија за затворски систем (2021-2025) предвидена е посебна стратешка цел Подобрување на корпоративниот интегритет, јакнење на механизмите за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција, која содржи низа активности и мерки.

Меѓудругите активности како позначајна активност е ревидирање на Стратегијата за нулата толерација за коорупција и ревидирање на Планот за корупција. Исто така предвидени се и обуки на затворски персонал во однос на оваа проблематика и во Планот за обуки за 2021 година ќе бидат воведени обуки и на оваа тема.

Во текот на 2021 година Управата за извршување на санкциите планира да склучи Меморандум за соработка со Државна комисија за спречување на корупција, врз основа на што преставниците на ДКСК ќе одржат обука на раководен кадар со цел полесно детектирање на корупција помеѓу затворскиот персонал како и во однос на превенција од корупција.

**<u>Член 55 - 66 материјални услови</u>**

Во однос на препораките за итно обезбедување на безбедни, материјални и хигиенски услови за сместување на осудените лица во крила бр 2, 5 и 8 во затворено одделение како и во однос на одделението ( т.н амбуланта) во КПД Идризово, Ве информираме дека КПД Идризово ги разгледа сите препораки поединечно, при што за дел од препораките веќе постапува, додека за останатите препораки во наредниот период ќе превземе соодветни мерки и активности.

Исто така и Управата за извршување на санкциите во рамките на своите надлежности презеде низа чекори за надминување на затекнатата состојба во КПД Идризово во однос на Вашите забелешки и препораки. Имено, директорот на Управата за извршување на санкциите, врз основа на Записник од извршен вонреден стручен надзор во КПД Идризово на ден 19 и 20 ноември 2019 година, а врз основа на утврдени неправилности и нивно отстранување донесе писмена Наредба.

Со истата се задолжи директорот на КПД Идризово да превезме итни мерки , односно осудените лица кои се сместени во просториите на крилота број 2 и број 8 во затвореното одделение во КПД Идризово, поради несоодветни матријални услови за престој да бидат преместени во други простории во установата и овие простории да не се користат за сместување на осудени лица, додека не се создадат соодветни услови за престој. Во однос на дадената Наредбата од страна на директорот на КПД Идризово е постапено и крилата бр 2 и 8 веднаш се затворени, додека осудените лица од истите се преместени во други одделенија или во други казнено-поправни установи.

Исто така, Ве информираме дека и од страна на Директорот на КПД Идризово, а во соработка со Управата за извршување на санкциите се преземени низа активности и мерки со цел отстранување на забелешките дадени во првичниот извештај од 28.01.2020 година и тоа:

- Просторијата во централниот дел на амбулантата во која престојуваа осудените лица е затворена и истата е ставена надвор од употреба.
- Во затвореното одделение дел од осудените лица кои имаат полиберален третман се преместени во новото полуотворено одделение, додека дел од осудените лица од полуотворено одделение се преместени во отворено одделние во КПД Идризово.
- Во однос на преполнетоста во петто крило од затвореното одделение , Ве информираме дека установата презема чекори во однос на намалување на бројот на осудените лица, преместувајќи ги исто така во други одделенија на установата со цел затварање на ова крило заради несоодветни услови за престој на осудени лица. Моменталната бројна состојба во оваа крило на ден 28.02.2020 година изнесува 124 осудени лица.
- Исто така, со цел надминување на проблемот со преполнетост во критичните одделенија во период од ноември 2019 година заклучно со февруари 2020 година по предлог на директорот

на КПД Идризово беа преместени вкупно 70 осудени лица казната затвор да ја издржуваат во други казнено- поправни установи.

Во однос на забелешките околу начинот на делење на храната на осудените лица, Ве информираме дека со внимание ги разгледавме сите забелешки и Ве информираме дека во иднина ќе бидат земени во предвид истите и дека делењето на трите оброци на осудените лица во текот на денот ќе се врши согласно Правилникот за нормативи за подготвување на храна на осудени лица во казнено-поправните установа.

Во насока на подобрување на начинот на делење на оброците во КПД Идризово, Ве информираме дека централната кујна е преместена во новото полуотворено одделение на установата. Меѓудругото набавени се и нови средства за готвење и дистрибуирање на храната по одделнијата.

Во врска со дадената забелешка околу дезинсекција од штетници во крилото 5 и амбуланта информираме дека од страна на управта на КПД Идризово веднаш се преземени мерки за надминување на констатиранта состојбата и во два наврата е извршено дератизација и дезинсекција во одделенијата. Исто така управата на КПД Идризово има обезбедено кревет и постелнина за секое осудено лица од критичните одделениеја во установата.

Во делот на санитарните јазли, информираме дека со внимание ги разгледавме сите забелешки и Ве известуваме дека истите се земени во предвид и управата на КПД Идризово ги изврши неопходните поправки на санитарните јазли.

**Член 60**

Во врска со бараните податоци за бројот на осудени лица во секое од крилата за сместување во КПД Идризово табеларно ви ја доставуваме бројната состојба на осудени лица по крила со состојба од 15.12.2019 година до 28.12.2020 година.

.

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД од 15.12.2019 год. до 28.12.2020 год.**

| Одд | Декември | Јануари | Февруари | Март | Април | Мај | Јуни | Јули | Август | Септември | Октомври | Ноември | Декмври |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Затворено одд.** | **566** | **563** | **414** | **407** | **412** | **406** | **396** | **355** | **342** | **315** | **326** | **331** | **322** |
| **Амбулантно одд.** | **126** | **121** | **122** | **131** | **139** | **133** | **128** | **129** | **126** | **131** | **123** | **105** | **103** |
| **Приемно одд.** | **17** | **06** | **19** | **11** | **09** | **04** | **13** | **22** | **08** | **11** | **20** | **14** | **7** |
| **Отворено одд.** | **102** | **107** | **105** | **157** | **162** | **160** | **151** | **157** | **125** | **118** | **120** | **130** | **126** |
| **Полуотворено одд.** | **88** | **77** | **90** | **107** | **86** | **100** | **104** | **104** | **100** | **105** | **107** | **105** | **103** |
| **Ново олуотворено одд.** | **146** | **105** | **182** | **203** | **199** | **201** | **228** | **216** | **183** | **233** | **230** | **233** | **220** |
| **Женско** | **49** | **44** | **43** | **50** | **49** | **4** | **44** | **46** | **40** | **45** | **50** | **51** | **56** |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | | | | | | **8** | | | | | | | |
| **Приземје - 1** | **13** | **13** | **16** | **15** | **17** | **18** | **17** | **19** | **17** | **21** | **19** | **21** | **19** |
| **Приземје - 2** | **13** | **14** | **14** | **14** | **14** | **15** | **15** | **15** | **15** | **15** | **15** | **15** | **15** |
| **Прво крило/1** | **09** | **09** | **09** | **09** | **09** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** | **08** |
| **Отворено одд. Велес** | **39** | **32** | **33** | **35** | **37** | **33** | **33** | **30** | **28** | **26** | **23** | **25** | **26** |

Во однос на материјалните услови информираме дека во т.н. одделение амбуланта од страна на КПД Идризово преземени се низа мерки за подобрување на условите и тоа :

- Извршена е поправка на кровна конструкција;
- Сите соби за престој на осудени лица се молерисни како и заедничките простории каде престојуваат осудените лица;
- Обновена е електрична инсталација;
- Извршена е обнова на санитарни јазли;
- Објектот е приклучен на централно греење;
- Извршена е дезинфекција и дезинсекција на одделението;
- Поделена е нова постелнина;

Исто така, Управата за извршување на санкциите информира дека т.н **<u>крило 5</u>** е ставено вон употреба и осудените лица се преместени во други одделенија, односно во новите објекти на КПД Идризово полуотворно и отворено одделение во рамките на почитување на подзаконските акти.

Во насока на почитување на вашата препорака за обезбедување на минимум 4 квадратни метри простор за престој на секое осудено лице директор на Управата за извршување на санкциите донесе решение за преместување на вкупно 158 осудени лица од КПД Идризово во други КПУ.

Во однос на Вашата забелешка околу изградба на притворското одделение во КПД Идризово, Ве информираме дека Управата за извршување на санкциите превзема активности околу истото, при што се јави потреба да се направи нова анализа на предметната локација од аспект ревалоризација на планираните и изведените објекти и инфраструктура, како и усогласеноста на претходните планови и проекти со новата ситуација.

Предлогот за реализација на првата фаза од Сегмент 2 опфаќа изградба на објекти во Затворено одделение со капацитет од 476 лица, Објект за сместување на притворени лица, ( при што во првата фаза ќе се гради дел од објектот за сместување, со капацитет од 418 лица) и Економски блок-кујна и перална со придружни содржини

Во **Затворено одделение** ќе се градат следните објекти:

- Влезен објект за контрола со дел за посети
- Приемно одделение, со капацитет од 74 осудени лица
- Објект за здравствена заштита, стационар со капацитет од 54 лица
- Одделение за сместување, со капацитет од 280 осудени лица
- Специјално одделение за сместување, со капацитет од 68 осудени лица
- Улици, патеки, отворени игралишта и шеталишта, надворешно осветлување и партерно уредување
- Предната страна на периметарската заштитна ограда со тампон зона
- Подземни инсталации и приклучоци

**Притворското одделение** е предвидено како целина со два сектора кои се физички одвоени, Сектор за сместување на притворените лица и Сектор за општи и заеднички функции, и ќе се градат следните објекти:

- Влезен објект со контрола
- Објект за посети (приватни и службени)
- Објект за прием, здравствена заштита и проценка на ризик
- Објект за сместување на притворени лица, (ќе се гради во две фази, во првата фаза се гради дел од објектот за сместување, со капацитет од 418 лица)
- Периметарски огради (Ѕидови), огради, игралишта, патишта и пристапни патеки, внатрешна инфраструктура, урбана опрема

Со оваа концепција е подобрено зонирањето на функциите во локацијата и јасно се двојат дозволените патеки на движење за секој тип на корисник, што заедно со подобрената функционална и визуелна контрола одговара на високите безбедносни барања за овој тип на институции (објект со највисок степен на безбедност).

**Економски блок – Централна кујна и перална** содржи:

- Контрола
- Објект со централна кујна со сопствени (придружни) магацини, централна перална со помошни простории и товарно-растоварни платформи
- Централно собирање на отпад
- Периметарски огради, платформи, патишта и пристапни патеки, внатрешна инфраструктура, урбана опрема

Управата за извршување на санкциите горенаведениот предлог кој се однесува за измената во однос на изградба на Сегмент 2 е доставен до Банката за развој при Советот на Европа и во тек е постапка за добивање на мислење .

Доставено е мислење од ЦЕБ и усвоен е План за имлементација на проектот за изградба на објекти од Сегмет 2 етапа 1 кои погоре ви беа предочени.

<u>**Член 61**</u>

Во делот кој се однесува на <u>**Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка ,**</u> односно на материјалните услови во оваа установа како е недостаток на инвентар во просториите каде престојуваат осудните лица, нефункционално вештачко осветлување и недостаток на водоснабдување во установата, Ве информираме дека управата на Затвор Куманово веднаш презеде мерки во однос на поправка на инвентар и набавка на нов во зависност од потребите и број на осудените лица во установата. Исто така, извршена е целосна промена на претходните сијалици и истите се заменети со нови енергетски ефикасни сијалици со цел осудените лица да имаат потребно осветлување во своите соби .

Воедно, би сакале да информираме дека секоја година се изработува Годишна програма на Владата за финансирање на изградба,реконструкција,одржување на објекти и опремување на казнено-поправните установи па така и за 2020 година е изработена и истата усвоена од Влада и истата е објавена во Службен весник на Р.С.Македонија.

Додека во текот на првиот кварт на 2020 година се изготвија и Годишни планови за одржување на постојните објекти во рамките на секоја КПУ и ВПУ и од страна на секоја установа ќе се реализираат активности согласно Годишните планови.

Во однос на проблемот со водоснабдувањето во Затвор Куманово како што претходно сме информирале, Управата за извршување на санкциите и Затвор Куманово во изминатиот период прави напори и презеде активности околу решавање на истиот. Меѓудругото, Затвор Куманово во октомври 2018 година презеде активности за надминување на истиот, односно Затвор Куманово склучи договор со едно правно лице кое се наоѓа во непосредна близина на установата, при што од оваа правното

лице беше обезбедена одредено количество на вода за потребите на кујна, трпезарија и приземните катови на установата.

Воедно би потецирале дека сме свесни дека состојбата околу водоснабдување не е целосна решена и од тие причини УИС и управата на Затворот Куманово прават нови планови и стратегии за целосно решевање на овој долгогодишен проблем кој постои уште од самото отварање на оваа казнено-поправна установа.

Имено, превземени се чекори за реновирање на ќелиите во затворениот дел како и оние во приемното одделение, така што се санирани дупките во плафонот и целосно е поправено и заменето осветлувањето. Понатаму извршено е белење на ѕидовите како и нивно премачкување со маслена боја.

Во врска со водоснабдувањето, Ве информираме дека во голема мера истото е подобрено на начин што во функција е ставена дополнителна мрежа со хидрофор која што водата ја доставуваат во бањите на двата ката во установата. На овој начин е обезбедено 24 часовно непречено снабдување со вода, меѓутоа само во бањата а не и во собите на осудените лица.

За наводите да се преиспита нивото на населеност во ќелиите во затвореното одделение, Ве информираме дека заради препорачаното намалување на бројот на осудените лица во овие ќелии, односно во затвореното одделение, вториот кат целосно е претворен во затворено одделение. На овој начин се создаваат дополнителни места за сместување на осудени лица со затворен третман со што се избегнува сместување на повеќе лица во ќелии кои немаат доволни просторни услови.

**Член 62 Затвор Охрид**

Во однос на утврдената состојба во казнено-поправна установа Затвор Охрид, а која се однесува на изјавите дадени од децата дека истите биле тепани од страна на припадници на затворка полиција со гумена палка,Ве информираме дека Управата за извршување на санкциите се обрати до Затвор Охрид со цел проверка на наводите, при што од директорот на Затвор Охрид е појаснето дека затворската полиција не е задолжена со гумена палка и дека истите се ставени вон употреба и воопшто не се користат веќе подог временски период. Исто така ова беше констатирано и при вонредниот надзор во Затвор Охрид извршен од страна на службените лица од Управата, при што дадена е посебна Наредба од директорот на Управата за извршување на санкциите гумените палките да бидат отстранети од шкафовите, односно да се чуваат во посебен магацин во установата.

Дополнително беше извршен увид во службената документација на Управата, поточно увид во известувањата кои ги испраќаат установите во случај на употреба на средства за присилба и се утврди дека во изминатиот период воопшто не е доставен Стандарден оперативен протокол за употреба на средства за присилба од Затвор Охрид ниту пак е доставена поплака или претставка од некои дете или негово семејство.

Во однос условите во Затвор Охрид од сопствени средства реновирани се тоалетите во установата заменети се WC школките и тушевите со што одржување на личната хигиена на децата сега има значително подобрено.

Исто така би сакале да Ве информираме дека од ноември 2019 година во Затвор Охрид во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП и МОНсе спроведуваа проект за комплетирање на основното образование на малолетните лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор во КПУ Затвор Охрид или се наоѓаат на издржување на воспитна мерка во ВПД Тетово, чии простории се времено сместени во КПУ Затвор Охрид. Проектот опфаќа изучување на македонски јазик и нумеричка писменост. Со истиот се опфатени 16 деца. Наставата се спроведува од страна на наставници од ОУ ,,Христо Узунов” –Охрид.

Во однос на препораката на комитетот која се однесува на притворското одделение на Затвор Охрид информираме дека установата во целост ги прифаќа забелешките и ве информира дека во секоја соба ќе бидат распоредени по две притворени лица. Дополнително информираме дека во ноември 2020 година ставен е во функција Затвор Битола со притворското одделение така ќе дојде до растеретување на притворското одделение во Затвор Охрид каде беа упатувани притворени лица од други градови кога КПУ Затвор Битола се реновираше во изминатиот период.

**Член 63 Затвор Скопје**

Во однос на забелешките околу КПУ ЗатворСкопје, информираме дека во меѓувреме е извршено комплетно ренвирање на собите во ходник Б каде сите простории за сместување на притворените лица се темелно реновирани извршено е комплетно реновирање на подот во собите и таванот, комплетно се реновирани санитарните јазли во собите со кое е опфатено менување на керамички полочки, водоводна и одводна инсталација, нивно одвојување со пластична завеза. Имено, сменета е и електрична инсталација во собите со поставување на ново осветлување ,комплетно нанесување на нов слој и бојадисување на ѕидовите во собите.Извршена е набавка на комплетна нова постелнина и тоа : душеци, ќебиња , перници и чаршави. Комплетно е поставена нова енергетска ефикасна фасада на крилата Б и В,заменети се прозорци на собите со нови комплетни прозорци со најсовремени механизми за отварање на истите така да надминат е проблемот со појава на влага во собите и нивното загревање.

Исто така завршен е проектот за поставување на нова кровна конструкција на крилата Б и В. Во ходникот Б во функција е комплетно ново купатило со сите елементи со што значително е подобрен процесот на одржување на лична хигиена на притворените лица. Комплетно е променета кровната кострукција на управната зграда и поставени се сончеви колектори за производство на електрична енергија и топла вода која им е достапна на осудените и притворените лица.

Во наредниот период Затвор Скопје планира набавка на материјали за изработка на посебни шкафови за притворените лица кои ќе бидат поставени во ходникот пред собите.Шкафовите ќе бидат изработени од самите осудени лица кои се работно ангажирани во столарската работилница во установата.

Во текот третиот квартал на 2020 година извршено е бојадисување и помали реконструкциски зафати водоводна, канализациона и мрежата за парно греење на 12 соби како и во ходниците во крилата Г и Д. Во текот на Октомври 2020 година отпочната е реконструкција на собите во крилото В со поставување на комплетно нови плочки и уредување на санитарниот јазол, бојадисување на просторијата и поставување на нови прозорци во собите како и уредување на ентериерот во собата. Комплетно завршени се 6 простории или 1/3 од собите во крилото В. Извршено е поставување на термоизолациона фасада која е комплетно завршена на крилото Б и крилото В со што со поставувањето на новата фасада и прозорци на собите значително се зголеми енергетската ефикасност на установата. Поставен е комплетно нов покрив на крилото Б а во тек е поставување на нов кров на крилото В.Со поставувањето на новите кровови се зголеми енергетската ефикасност.

Воведен е нов пристап за капење на притворените лица и им е овозможено 2 до 3 пати капење во текот на неделата. На женските притворени лица има се обезбедени фенови со достапност на електричен приклучок за нив во просторијата берберница каде можат да ја сушат косата после капење.

Во однос на забелешката за затоплување во притворските простории дадени од Комитетот Управата ве информира дека во тек е зафат за пренамена на греењето на установата со природен гас за кое комплетно е набавена опрема и во тек се градежно -инсталтерски работи за поставување на истата и со оваа значително ќе се подобри затоплувањето во установата.

Дополнително превземени се мерки во поглед на набавка на опрема за осветлување на шеталиштата за да се продолжи времетраењето престојот на чист воздух. Опремата е набавена и по изработката на стручен елаборат за правилно поставување на истата , ќе се пристапи кон негова реализација.

Во насока на подобрување на комуникација на притворените лица со надворешниот свет од страна на германска организација HELP донирани се 3 tablet уреди и истите по претходно одобрение на надележниот суд им се достапни на притворените лица. Исто така во насока на подобра комуникација со Народен Првобранител на Р.С.Македонијавоведена е дополнителна телефонска линија за комуникација во однос на непречено остварување на правата на притворените лица.

Во текот на декември 2020 година со одлука на Директорот на Затворот Скопје согласно план и програма изработена од заповедникот на затворската полиција се реализира основна обука за новопримените припадници на затворската полиција со посебен акцент на примената на СОП за насилно однесување во установата и СОП за условите и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во КПУ и ВПУ.

Ве информираме дека превземени се низа активности заподобрување на условите за престој и работа на осуденителица, а особено значајное и рестартирањето на столарската работилница за потребите на работниотпроцес во секторот за ресоцијализација. Комплетно е реновиран тоалетот во Полуотвореното одделение, отворенаиопремена е фитнес-теретанаодзатворен тип, а отворена и опремена е и берберска работилница за обука на осудените лица.

Подобрување има и воделот на видео надзоротсо тоа што се инсталирани 8 осум камери со еден снимач, а вградени се и нови 6 контролори со соодветни читачи за ограничен пристап во притворското одделение, потоа се поставени две метал-детекторврати пред дежурната просторија и во просторијата до неа за подобрена безбедност, доопремена е салата за посета на притворенителица со нови кабини и телефони за разговор.

Во однос на хигиената на осудените лица информираме дека управата на Затвор Скопје редовно им обезбедува и тоа како средства за лична хигиената така и средства и за одржување на хигиена и во просториите каде прстојуваат.Средствата воглавно се обезбедуваат од сопствени средства на установата, но има и случаеви на донација од невладини и хуманитарни организации кои донираат средства ,а се со цел овозможување на подобра хигиена на притворените и осудените лица.

__**Член 65 КПД Штип**__

Во однос забелешките кои се однесуваат на санитарните јазли во __**КПД Штип,**__ информираме дека согласно условите во установата управата на КПД Штип презеде мерки со цел подобрување на условите за престој на осудените лица. Имено, извршена е набавка на нови керамички плочки и потребен материјал за истите, реновирани се дел од санитарните јазли во затворено одделение на установата и во наредната година се планира по обезбедување на финасиски средства целосно да биде завршено реновирањето.Во однос на пренатрупаноста во затвореното одделение ве информираме дека КПД Штип согласно условите во установата ќе настојува да обезбеди доволен простор за престој на осудените лица во затвореното одделение почитувајќи ги европските стандарди во делот на казната затвор.

__**Член 66 Затвор Гевгелија**__

Во однос на препораката на комитетот која се однесува на условите во притворските простории во Затвор Гевгелија информираме дека согласно годишниот план за одржување на објекти за 2020 година, во 1 квартал реализирани се неколку активности :

Целосно се сменети санитарните јазли и ставени сенови ѕидни плочки;

Обновена е електричната инсталација и поставено е ново осветлување;

Извршено е комплетно варосување на просториите и исфарбани се креветите каде што спијат притворените лица ;

Поставени се нови умивалници, чешми и нови санитарни јазли ,

Додека во текот на 2021 година директорот на Затвор Гевгелија планира да постави нова вентилација во притворските простории за подобро циркулирање на воздухот.

**Член 67- 74 (храна,режим)**

Во однос на препораките кои се однесуваат на храната и личната хигиена во КПД Идризово и Затвор Скопје, информираме дека установите ќе ги земат во предвид сите препораки поединечно и ќе постапи во целост во наредниот период.

Дополнително, Управата за извршување на санкциите во наредниот период ќе инсистира управата во КПД Идризово да ги засили контролите во однос на делење на храната во однос на квалитетот и количината на храната како и во однос на делење средства за хигиена на осудените лица.

Во моментот во КПД Идризово постојано има вработено е едно лице готвач, едно лице ангажирано по договор за дело и работно се ангажирани околу 7осудени лица.Во наредниот период КПД Идризово сериозно ќе преземе мерки да се врши приготвувањето поквалитетна и повкусна за осудените лица. Средствата за хигиена за осудените лица во рамките на можностите на установата ќе се делат на неделно ниво преку службата за ресоцијализација , односно на воспитувачите на осудените лица со цел да име се овозможи

поголема достапност до хигиенските средствата.

Во насока на подобрување на хигиената од страна на Управата за извршување на санкциите во соработка со Совет на Европа и други донатори на осудените лица им се поделени и средства за дезинфекција и ракавици како превенцијаод можно ширење на вирусот COVID 19.

Управата на Затвор Скопје дополнително воведе засилен надзор во однос на одржување на хигиената во установата и овозможи на осудените и притворените лица достапност до хигиенските средства во секое време. Исто така направени се посебни 6 нови плакари од столарската работилница во Затвор Скопје наменети за секоја соба за чување на средствата за лична хигиена и лични работи на осудени лица. Во наредниот период се планира изработка на уште такви плакари за да можат сите осудени лица да имаат секој свој плакар.

Во однос на режимот на активности кои се нудат на осудените и притворените лица информираме дека в**о изминатиот период од страна на УИС изготвена е Проценка за можностите за организирање на спортски и други активности во КПУ и ВПУ и врз основа на тоа** во рамките на новата Националната стратегија (2021-2025) предвидена е посебна стратешка цел **Подобрување на условите и можностите за ангажирање на осудените лица во значајни и конструктивни слободни активности во чии рамки предвидени се низа и тоа п**роценка на тековната ситуација воКПУ и ВПУ и можност организирање и обезбедување значајни и конструктивни активности во слободното време на осудените лица. Исто така предвидено е и обезбедување неопходна опрема и материјали за спортски, уметнички, креативни активности и активности од областа на културата, како и кадровско екипирање.

Во Затвор Скопје од ноември 2020 година повторно започна процесот на стручно осопсобување на осудени лица во рамките на Проектот со УНДП и Министерство за образование и се опфатени 15 осудени лица од Затвор Скопје. Обуката ќе биде за стручно занимање столарство со цел осудените лица полесно да можат да се ангажираат во столарската работилница. Исто така и во КПД Прилеп е започнат процес на стручно оспособување на осудени лица и тоа за стручно занимање – готвач Обуката ја посетуваат вкупно 15 осудени лица.

Во однос на образование информираме дека Управата за извршување на санкциите во целост ја зема во предвид препорката за започнување на образовниот процес во затворите и врз основа на тоа во соработка со МОН, УИС И УНДП во КПД Штип е започнат процес на основно образование и истото го посетуваат вкупно 42 осудени лица распоредни во 6 групи, во женско одделение во КПД Идризово вкупно 16 осудени лица –жени и деца во ВПД Тетово.

Во наредниот период се планира да започне и образовниот процес во другите казнено-поправни установи.

**<u>Член 74-76 (Притвор)</u>**

Во однос на забелешките кои се однесуваат на притворските одделенија во Затвор Скопје,Затвор Охрид и Затвор Куманово во делот на преземање на итни мерки за обезбедување на едукативни, спортски и културни активности на притворените лица со цел да им сеовозможи да поминат разумен дел од денот надвор од нивните ќелии информираме дека во новиот Правилник за куќен ред на притворени лица внесени се одредби кои се однесуваат на работно ангажирање на притвореното лице во рамките на установата доколку притвореното лице даде согласност.

Исто така Затвор Скопје во насока на почитување на препораката на Комитетот и законската обврска за поминување на свеж воздук во траење од 2 часа дневно на притворените лица, набави опрема за осветлување на шеталиштето и по изработка на стручен елаборат за правилно поставување на истата ќе се пристапи кон поставув ање, а со тоа и можноста за притворените лица да престојуваат наместо 1 час и 15 минути да бидат надвор најмалку 2 часа. Исто така Затвор Скопје со цел поголема безбедност на шеталиштето има набавено нови заштитни мрежии во скоро време ќе ги постави.Во план е поставување на соодветни средства за вежбање на шеталиштето за притворени лица додека во моментот ја користат новоизградената теретана.

**<u>Член 77-93 ( Здравствена заштита)</u>**

Во однос на здравствената заштита на осудените лица, Управата за извршување на санкциите информира дека презема итни чекори во рамките на своите надлежности и тоа во делот на условитеи опремувањето на амбулантите. Додека во однос на препораката околу преиспитување на одлуката дали одредени осудени лица кои имаат дијагностицирано ментално нарушувањетреба да започнат со издржување на казна затвор, Управата согласно член 26 од ЗИС нема надлежност, односно упатување на издржување на казна затвор согласно член 42 од ЗИС врши судија за извршување на санкциите.

Меѓудругото информираме дека КПД Идризово во изминатиот период презеде мерки во рамките на своите надлежности, при што направени се напори за спроведување на почести прегледи од страна на лекар - психијатар така што во текот на 1 месец оваа година има околу 50 психијатриски прегледи. Исто така направена е проценка во однос на бројот на осудени лица кај кои има дијагностицирано психијатриско заболување, при што од вкупно 8 осудени лица кај кои е дијагностицирано психијатриско заболување тројца од нив биле хоспитализирани на Клиника за Психијатрија во текот на оваа година, поради актулизирање на симптоматологија.

Исто така Управата во корелација со ЈЗУ Скопје дополнително ангажира лекар-психијатар со цел целосно спроведување на вашата препорака и обезбедување на подобра здравствена нега на осудените лица кои имаат психички проблеми.

Во делот на препораката за спроведување на обуки на здравствени работници ве известуваме дека од септември 2019 година започна **Проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во РСМ кој се имплементира од страна на СЕ** предвидени се низа активности помеѓу МЗ како носител на активностите и УИС во чии рамки се предвидени обуки на здравствени работници на тема ментално здравје и справување со чести психијатриски пореметувања на осудени лица во текот на I квартал на 2021 година.

Исто така во рамките на горенаведениот проект, а се со целподобрување на здравствената заштита на осудените лица ќе се набави медицинска опрема во вредност од околу 50.000 евра. Во текот

на месецот октомври 2020 година од страна на експерт од СЕ заради утврдување на потребите спроведена е посета во сите казнено-поправни установи и се очекува да крај на година да биде распишан тендер за јавна набавка на опремата.

Управата за извршување на санкциите во целост ги прифаќа забелешките во однос на здравствената заштита и покрај тоа што истата премина во надлежност на Министерството за здравство ќе настојува во соработка со МЗ да се подобри здравствената заштита на осудените лица во КПУ. Од тие причини во Националната стратегија (2021-2025) е предвидена посебна стратешка цел **Зајакнување на обезбедувањето на здравствената заштита на осудените лица, вклучувајќи и во однос на менталното здравје . Во рамките на оваа цел предвидени се низа активности за кои се планира да се реализираат во наредниот период и тоа:** да се подобри координацијата за функционална здравствена заштита, обезбедување пристојни работни услови за медицинскиот персонал, да се обезбеди почетна и континуирана обука за здравствените работници и да се обезбеди соодветен пристап до услуги за заштита на менталното здравје и формирање посебно форензичко одделение и други активности.

**Медицински персонал:**

Во КПУ Идризово со полно работно време е вработен еден доктор по општа медицина, три медицински сестри, еден доктор по стоматологија, еден стоматолошки асистент и еден медицински техничар на договор со полно работно време. Еднаш неделно е ангажиран психијатар, а еднаш месечно специјалист по ОРЛ и специјалист офталмолог.
Дополнително, еднаш неделно е ангажиран доктор по општа медицина во отвореното и полу-отвореното одделение.
Во КПУ Затвор Скопје, со полно работно време е вработен еден доктор по општа медицина и уште еден, со скратено работно време, ангажиран со договор. Вработени се и три медицински сестри, како и доктор по стоматологија и стоматолошки асистент. Еднаш неделно има посета од психијатар.
За скопските затвори каде е сместен најголем дел од затворениците во РС. Македонија завршена е постапката за дозвола за прием на 3 доктори и 3 медицински сестри. 3-те медициндки сестри се примени во здравствен дом Скопје, но на конкурсот за прием на 3-те доктори на медицина, објавуван 5 пати, не се јави никој. За Скопските затвори се ангажираат и повеќе специјалисти за работа со договор на дело, како интернисти, офталмолози, специјалисти по ОРЛ.
Во Затворот Скопје никогаш не биле ангажирани осудени лица за помош во затворската амбуланта, но во КПУ Идризово порано имало повеќе осуденици, кои во недостиг на медицински персонал биле ангажирани пред се во административниот дел. Со приемот на нови вработени и постепено комплетирање на медицинскиот персонал, веќе нема потреба од тоа осудени лица да се ангажираат за работа во амбуланта, и во моментов се потребни само двајца, првенствено за одржување на хигиената во просториите на амбулантата и за достава. Важно е да се напомене дека тие немаат слободен пристап до службените простории.
Во двете казнено-поправни установи работата на здравствената служба е организирана во една смена, со дежурна медицинска сестра во деновите од викенд и неработните денови. Така се обезбедува редовен медицински надзор и издавање на потребната терапија, како што е метадон и др., под супервизија на медицинско лице.
Во периодите кога во казнено-поправните установи нема присутен лекар, за итни случаи за интервенција се повикува екипа на Итната медицинска помош.
Сите специјалистичко консултативни прегледи и евентуални болнички лекувања се одвиваат во комплексот клиники Мајка Тереза и/или во ГОБ„ 8-ми септември„- Скопје.
За таа цел, на располагање се и просториите во т.н. арестантски оддел, кој е лоциран во кругот на споменатиот комплекс Мајка Тереза.

**Запазување на принципот за еднаков пристап до лекар за сите осудени лица**

Овој проблем, во минатиот период беше најизразен во КПУ Идризово, посебно заради дисперзираноста на одделенијата каде се сместени осудените лица. Најпрво се реши состојбата со таканаречените надворешни одделенија со поставување на метална кутија на влезот, каде осудените лица ги оставаат своите писма/пораки до медицинскиот персонал, а медицинската сестра секое утро ја отвора кутијата и ги зема, и ги повикува осудените лица за преглед. Во затворениот дел, таква метална кутија е поставена во холот, но бројот на писмата е многу помал од бројот на лица кои се јавуваат на преглед, што значи дека треба подобра информираност на осудените лица за нејзино користење. И, секако, еден дел од осудените лица се пријавуваат за преглед при што писмени белешки оставаат на шалтерот во амбулантата.

Контролата на просторот и опремата, во затворските амбуланти, вклучително и лиценцирањето на здравствените установи во казнено-поправните установи е во целосна надлежност на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Во однос на опремата, во КПУ Идризово, на 10.02.2020 година е монтиран стоматолошки стол, во замена на претходниот кој беше нефункционален, а неодамна истиот беше комплетиран со нов хелио-апарат (стариот беше во дефект).

Во однос пак на забелешката за немање на диспензер за подготовка на метадон, напоменуваме дека истиот го имаме набавено уште пред неколку години.

Во врска со забелешката дека во стоматолошката ординација во КПУ Идризово нема греење, ве информираме дека сите простории во домската амбуланта во КПУ Идризово се поврзани на централно греење, вклучувајќи ја и стоматолошката ординација, уште од моментот на градење, а повеќето имаат и клима уреди.

Сите новопристигнати осудени лица, најчесто веднаш, или во првите 24 часа од приемот, се упатуваат во домската амбуланта, каде веднаш се прегледани од лекар, при што се зема исцрпна анамнеза и се прави физикален преглед на осуденото лице. Веднаш се отвора здравствен картон и се внесуваат сите релевантни податоци.

Посебно се обрнува внимание на објективниот наод, во смисла на забележување на евентуални травматски повреди. (Истото е предмет на посебен интерес од страна на медицинските лица и во секојдневната пракса и има за цел спречување на лошо постапување и тортура).

Ако некое лице е примено во неработен ден или викенд, сите потребни податоци, ги зема дежурната медицинска сестра која го известува лекарот.

Во колку се работи за лице кое пријавува зависност од droги, или е веќе на супституциска терапија, се известува психијатар, кој по потреба доаѓа и ординира супститут, или друга терапија. Во овој контекст, во КПУ Идризово е направено забележително подобрување, со тоа што е воведена и терапија со бупренорфин, како опција на супституциската терапија со метадон која одлично функционира во сите изминати години.

Во овој дел, многу важна за медицинскиот персонал во затворите е супервизијата на дистрибуирањето на метадонската и бупренорфинската терапија, каде персоналот се соочува со манипулации од страна на осудените лица, со цел да сокријат дел од терапијата, и понатаму да ја отуѓат, а за што ни е неопходна помош од добро обучени припадници на затворското обезбедување.

Овој проблем се јавува и при издавањето на останатите лекарства во КПУ Идризово. Поради големиот број на осуденици, а и поради дизперзираноста на сместувачките капацитети (отворено, полуотворено, женско) во КПУ Идризово, само специфичните лекарства (пр. психотропни супстанци) се издаваат на дневна основа под надзор од медицинско лице (медицинска сестра), додека други лекови како на пример антихипертензивна терапија се подготвува на неделно ниво.

Во Затворот Скопје, поради помалиот број затвореници и воведување на викенд-дежурства на медицинскиот персонал, веќе е воведена пракса на секојдневно, супервизирано дистрибуирање на медикаментозната терапија.

Осудените лица на издржување казна затвор во КПУ Затвор Скопје и КПУ Идризово кои имаат ментални нарушувања се под целосен медицински надзор од психијатар, и согласно потребата, при акутни психотични состојби неколкумина во текот на изминатата година беа хоспитализирани на Универзитетската Клиника за психијатрија со престој во арестантско одделение.

Во однос на обука на медицинскиот персонал кој ќе работи во затворите Ве известуваме: Со Европскиот Совет – претставништво Скопје направивме план за одржување на повеќе обуки од областа на медицинската етика, скрининг методологијата, поверливост на чување на добиени податоци од медицински аспект. Истите се одложуваат поради состојбата со пандемијата. Сепак во месец Декември 2020 се одржа on-line обука во затворите водена од J. Pont – консултант од Советот на Европа. На обуката on-line присутни беа 22 лица, медицински персонал кои се вклучени во пружањето на здравствената заштита во затворите.
Во однос на интервенција најбрзо можна по приемот и спроведување на стандарден скрининг исто така имаме планирано обука, за која кога ќе се одржи зависи од епидемиолошката состојба. Истото се однесува и на забелешката за подобрување на регистрацијата и водењето на повредувањата во затворите.

**<u>Член 95-98 (Ред и дисциплина)</u>**

Во однос на препораката која се однесува на реновирање на 6 ќелии во КПД Идризово наменети за издржување на дисциплиска казна –самица информираме дека лошата состојба во овие простории беше констатирана и во текот на надзорот од УИС и поради тоа дадено е укажување од страна на УИС веднаш да се пристапи согласно финасиските можностите на установата кон нивното реновирање и овозможување на подобри услови за осудените лица.
Во насока на унифицирање на водење на дисциплинска постапка против осудени лица за првпат во соработка со Совет на Европа изготвен е Правилник за водење на дисциплинска постапка против осудени лица во кој акт детално е разработена целата дициплинската постапка.

**<u>Член 100 - 101 ( контакти со надворешниот свет)</u>**

Во однос на забелешката на комитетот дека на осудените им е забранета посета информираме дека воизминатиот период посетите се одвиваа без никави ограничувања, односно во сите установи контактите со семејствата се одвиваат без потешкотии. Дополнително информираме дека до УИС во изминатиот период воопшто нема доставени писмени поплакиод одудени лица во однос на овозможување на посетите. Исто така ве информираме дека во однос на забелешката на посетите во КПД Штип истите се одвиваат без никакви потешкотии и сите осудени лица ги посетуваат лица кои се заведени во картон за посети согласно законските и подзаконските акти кои имаат право да ги посетуваат осуденото лице. Додека надвор од картон за посети едно осудено лице може да биде посетенолице само по одобрение на директор согласно на ЗИС . Ограничување на посети може да биде единствено во случаи ако посетителот несака да се легитимира, одбива да биде претресен или со себе носи недозволени предмети согласно Куќниот ред за осудени лица како и во ситуации кога во држава е прогласена епидемија и пандемија тогаш сите контакти со надворешниот свет во сите установи е забранет одреден временски период.
Исто така во насока на подобрување на комуникација со надворешениот свет поделени се вкупно 30 таблет уреди низ установите кои беа донирани од германска организација HELP. Сите установи имаат обезбедно бесплатно комуницирање на осудените лица преку viber со нивните семејства.

**<u>Член 102 (Процедури за жалби)</u>**

Во насока на подобрување на процесот на поднесување на жалби, приговори или поплаки од осудените лица и децата, УИС во соработка со ОБСЕ изготви Брошури за информирање на осудените лица за нивните права за време на издржување на казна затвор и истите беа поделени во текот на 2019 година.Сите установи беа задолжени да определат по едно вработено лице кое ке води регистар за поднесени жалби од осудени лица. Брошурите и информативните постери се изготвени на три јазика ( македонски, албански, ромски јазик).

Исто така беа изготвени и унифицирани обрасци ( барања) за поднесување на приговори од страна на осудените лица до директорот на установата и до директоротна УИС.Беа организирани и дводневни обуки од страна на ОБСЕ во однос на пополнувањето и примената на овие обрасци.
Управата за извршување на санкциите во текот на надзорите редовно проверува дали осудените лица и децата се запознаени со горенаведените документи како и дали истите се истакнати на видно место.
Дополнително установите беа посетени од невладината организација Македонското пенолошка друштво составено од професори и стручни лица од областа на правна помош на осудените лица ангажирано од ОБСЕ како надворешна контрола во делот на примената на горенаведените документи.

**Член 103 (инспекција)**

Во однос на препораката која се однесува на Државната комисија за извршување на санкциите информираме дека истата и покрај тоа што претходно беше предвидена во стариот ЗИС воопшто не профункционира во изминатиот период и не даде никаков придонес во однос на извршувањето на санкциите или пак во подобрување на правата и уловите на осудените лица.Од тие причини работната група која беше формирана за изготвување на новиот ЗИС составена од судии, професори, вработени лица од УИС оцени дека потребата од вакава комисија не е потребно.
Во делот кој се однесува на надворешните тела кои вршат надзор во КПУи ВПУ информираме дека Народниот првобранител, Хелсишкиот комитет во соработка со Македонското здружение на млади правници во изминатиот период оствариja неколку посети во сите КПУ и ВПУ. Истите вршеа мониториг во однос на условите, третманот, безбедноста во установите за што изготвуваат писмени извештаии за констатирани состојби по кои извештаии со препораки УИС во предвиден рок постапува по истите. Дополнително од страна на посебна комисија формирана од Собрание на РСМ составена од пратеници во текот на 2019 година беа посетени неколку установи за што исто така беше изготвен писмен извештај со заклучоци кој беше презентиран пред Комисијата за политички систем и по истиот Управата се произнесе пред Анкетна комисијата и дел од пратениците кои беа дел од работната група.

**Член 104-118 ВПД Тетово**

Управата за извршување ве информира дека на 31 октомври 2020 година новиот објект ВПД Тетово е ставен во функција и сите деца од Затвор Охрид се преместени во новите објекти. Во завршна фаза е Правилникот за Куќниот ред за деца и се очекува до јануари 2021 годината да биде донесен и истиот да стапи на сила. Дополнително во соработка со UNICEF формирани се работни групи за подготовка на подзаконски акти за третман на децата.
Исто така воновиот ВПД Тетово волковија децата продолжија со образовниот процес ( основно образование) во соработка со МОН, УНДП и УИС.
Во однос на забелешките на комитетот за зајакнување на надзорот во Затвор Охрид и укажување на затворска полиција дека сите форми на малтретирање на деца се неприфатливи во целост ги прифаќаме и УИС постојано им укажува на сите директори на КПУ и ВПУ вклучувајќи го и директорот на Затвор Охрид дека ваквотооднесување на припадници на затворска полиција е недозволено и нетреба да се толерира.
УИС во текот на септември 2020 година изврши вонреден надзор во Затвор Охрид со цел проверка на наводите за прекумерна употреба на средства за присилба и во таа насока од страна на службените лица од Управата беше изготвен записник со директни препораки до директорот на Затвор Охрид. Исто така беше побарано од директор на Затвор Охрид детално да спроведе истрага и да утврди кои припадници на затворска полиција употребиле прекумерна физичка сила против двете деца од Затвор Охрид. Завршена е дисциплиснската постапка против припадниците на затворска полиција и од страна на дисциплиската комисија ( составена од припадници на затворска полиција) констатирано е дека нема дововолно докази кои укажуваат на дисциплинска одговорност на обвинетите припадници на затворска полиција.

Во однос на третманските активности информираме дека во Затвор Охрид во временски период од 5 години додека ВПД беше на иста локација во Затвор Охрид за децата организирани структурирани нивните активности во текот на целиот ден, согласно индивидуалната програма за третман на секое дете.

-Во рамки на **дневната програма** беа предвидени образовни дневни активности кои се одвиваа во понеделник, среда и петок за наставни единици по математика, македонски јазик и англиски јазик. Наставните единици се насочени на потребите на секое дете поединечно во зависност од образовното ниво. Образованието беше организирано од страна на Министерството за образование, УНДП и наставници вработени во основно училиште од Охрид. За време на КОВИД кризата, образованието се одвиваше онлајн во континуитет до месец септември 2020 година, кога беше извршена евалуација на нивните усвоени знаења. Додека траеше online наставата, присутни беа 2 лица од Секторот за ресоцијализација и 2 лица од Затворската полиција кои активно учествуваа во истата.

- Во рамки на **групната работа** секојдневно беа организирани групни работилници од креативен и едукативен карактер и ментално здравје. Дел од работилниците се одвиваат во вторник и четврток, во соработка со ХОПС и УНИЦЕФ. Истите се водени онлајн од едукатори во траење од 60 минути. Останатите денови од седмицата (понеделник,среда и петок) се одвиваат групни работилници од едукативен и забавен карактер, презентирани од страна на 2 вработени во Секторот за ресоцијализација од КПУ Затвор Охрид.

- **Индивидуалната програма** која е планирана и насочена се одвивше секојдневно и во континуитет ,насочена кон потребите и целите на секое дете. Индивидуалните разговори се одвиваа преку техники на советувања, мотивација, убедувања и психолошка поддршка. Сесиите ги водат двете вработени во Секторот за ресоцијализација во КПУ Затвор Охрид. Истите по вокација се психолози кои имаат долгогодишно искуство и се обучени за работа со деца во судир со законот.

- **Физичките активности** се одвиваа секојдневно во траење од два часа и повеќе кои планирано се изведуваат дел во затворен и дел во отворен простор во зависност од временските прилики. За време на физичките активности активно учествуваат и припадниците на затворска полиција согласно Правилникот за учество на Затворската Полиција во процесот на ресоцијализација. Истите се контролирани и евидентирани во стручните досија од секое дете.Топките и други реквизити за обавување на сите предвидени активности ги обезбедуваше КПУ Затвор Охрид.

Сите погоре наведени активности продолжија да се реализираат и во новите објекти на ВПД Тетово во Волковија како и во Затвор Охрид.

Додека во однос на правото за здравствена заштита во ВПД Тетово на децата им е овозможена здравствена заштита на начин што еднаш неделно им доаѓа општ лекар, еднаш неделно стоматолог и секој ден има по една медицинска сестра, бидејќи здравствената заштита е под Министерство за здравство и установите каде нема постојано лекар функционираат преку склучувања на договор со ЈЗУ на тоа подрачје. Дополнително информираме дека секое ново дете примено во ВПД Тетово задолжително при прием се прегледува од здравствен работник кој е ангажиран од ЈЗУ и во текот на приемниот период од страна на стручниот тим се врши испитување со примена на научни методи, врши социјално медицинско и психолошко педагошко испитување на личноста на детето согласно член 349 од Законза извршување на санкциите.

Исто така децата се запознаваат со куќниот ред за деца, правата и должностите што ги има во текот на извршувањето на воспитната мерка во домот.

Во однос на забелката за посебната соба за издвојување информираме дека иста се применува само во исклучителни случаеви кога децата имаат сотрено потешка дициплинска повреди на одредбите од Куќен ред на дом,Управата за извршување на санкциите ќе укаже со писмена наредба оваа мерка да се употребува само во исклучителни случеви како што е предвидено во ЗИС .

Исто така УИС ќе ја разгледа можноста за натамошното ревидирање на овие законските одредби кои го ја регулираат оваа област.

## Здравствени институции- Психијатриска болница во Негорци

**Член 127**

Во врска со лошите услови на Д одделение(за хронични пациенти) и планирањето во 2020 година да се изврши реконструкција на ова одделение во тек на 2020 година, проектот беше запрен по допис од Владата на Република Северна Македонија поради кризата(економска) предизвикана со Covid-19 да не се преземаат активности во насока на трошење буџетски средства објекти, мебел, опрема, возила и сл. Овој проект ние како болница сме финансиски спремни веднаш да започнеме да го реализираме и е дел од планот за 2021 година и даваме убедување дека истиот ќе биде завршен во 2021 година.

**Член 130**

Болницата има многу вложено во обезбедување услови за рекреација и други надворешни активности на пациентите. Тука се спортските терени, сала за теретана, пинг- понг сала, кабинет за ликовни и други рекреативни активности.

**Член 132**

Во делот за персоналот, во моментот сите лекари специјалисти психијатри се активни во работа, а дополнително имаме вработено:

- еден лекар по општа медицина за кој планираме во 2021 година да започне со специјализација, три болничари, два хигиеничари и еден пеглач на алишта.

**Член 136-137**

За овој дел сметаме дека ресурсите многу повеќе ќе бидат искористени доколку имаме доволен број на вработени кои би им овозможиле на пациентите да ги користат сите алатки за рехабилитација, особено на отворено со спортски активности. Покрај психосицјалните терапевски заедници во кој работат психолози, социјални работници и доктори, доклку има вработено кадар како работен терапевт многу подобро ќе се обезбеди соодветен третам за рекреација и рехабилитација.

**Член 138**

ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци, Гевгелија децидно не се согласува со оваа забелешка дека не се прават редовни контроли на крв на пациенти кои примаат клозапин. Овие контроли се прават еднаш неделно од почеток на примање на лекот клозапин до 18(осумнаесет) недели. После осумнаесеттата недела се прави контрола на крв еднаш месечно. На судското одделение беше презентирано со докази од лабараториски анализи за пациенти кои ја примаат оваа терапија. Оваа забелешка не ја прифаќаме како издржана. Досега во 40 годишно искуство имаме еден случај на пациентка кај која се јавил проблем од примање на терапија со клозапин и веднаш е прекината. Ова покажува дека редовно се вршат контроли и се следи состојбата на таргетираните пациенти.

**Член 139**

За викенд и други отсуства на пациентите кои се сместени со судска одлука пробелмот е оправдано нотиран во извештајот. Ние имаме проблем со правната рамка за наведените пациенти да им овозможиме викенд слободни денови бидејќи без соодветна дозвола од надлежен суд правиме прекршување на закон.

**Член 140-144**

Во болницата на новото приемно одделние има две простории за изолација. Изолацијата се врши по пропишан протокол и исклучиво со дозвола од доктор. Изолацијата се врши со специјални магнетни појаси со цел да не дојде до самоповредување на пациентите. Магнетните појаси се посебно за раце, нозе, абдомен, граден кош. Изработени се од мек материјал и ширина доволна да биде заштитен пациентот. На фиксираните пациенти воведен е надзор од вработено лице. За секоја фиксација се води регистар. Не се користат пациенти за помош при фиксација. Медицинскиот персонал сеуште нема посетено обука за користење на средствата за фиксација, но истите сметаме дека ги користат стручно.

**Член 145**

Во собите за изолација направено се промени колку што дозволуваат условите на просторот, односно обложени се металните радијатори, отстранет е мебелот кој лесно може да се распадне. Просториите немаат санитарни јазли, но тоа не ја ограничува можноста овие пациенти да користат санитарни јазли..

**Член 146-148**

Во ЈЗУ Пихијатриска болница, пациенти кои се доброволно(без судска одлука) на лекување можат во секое време да ја напуштат болницата, секако доколку таквото напуштање биде безбедно по нивното здравје. За пациент да биде пуштен по негова волја, потребно е некој близок роднина или слично, да биде присутен при отпустот со цел безбедно да пристигне дома. Многу често ние како болница организираме сопствен превоз на трошок на болницата и ги носиме дома. Ова не е нотирано во извештајот што го сметаме за пропуст на КПТ. Движењето во рамки на болницата не е ограничено, но е регулирано и контролирано со цел да не биде нарушен мирот и безбедноста на други пациенти. Тоа не го сметаме како недостаток во нашето постапување, бидејќи ние имаме обврска да ги штитиме буквално сите пациенти. Целосно слободното движење во пракса покажа дека се нарушуваат права и безбедноста на други пациенти.

Обрасците со кои се дава согласност за хоспитализација се корегирани и пациентите можат да ја повлечат согласноста. Сепак водејќи грижа за пациентите кои се во лоша психички здравствена состојба, а сакаат да ја напуштат болницата, ние како институција постапувамее првенствено со цел да го заштитиме нивното здравје и здравјето на лица кои ги опкружуваат. Во таков случај постапуваме согланса граѓанските прописи и законодавство.

На пациенти кои им е одземена деловната способност хоспитализацијата се врши со посредство на законски старател.

**Член 149-150**

Во делот за присилна хоспитализација преку надлежен суд, нотирано е дека двете болници имаат пропусти, но во пропустите наведено е недостатокот во ЈЗУ Психијатриска болница Демири Хисар, а не и Негорци. Поред нашето постапување и законската регулатива, ЈЗУ Психијатриска болница-Негорци постапува согласно Закон за вонпарнична постапка. За секој поединечен случај се повикува надлежен суд кој доаѓа во законски рок, а не со задоцнување или за повеќе пациенти еднаш месечно. Одлуката ја носи Основен суд Гевгелија во зкаонски рок, а еден примерок од одлуката во секој случај му се дава на пациентот и за тоа постои доказ(доставница) потпишана од пациентот. Сметаме дека во овој дел забелешките не се однесуваат за нашата болница, а доколку треба да го промениме постапувањето, најпрво треба да се направи измена на законодавството. Во овој дел ја побиваме оваа констатација на КПТ и не се согласуваме со истата.

**Член 157**

Во делот за смртините случаи и обдукциите, ние како установа преземавме мерки за правење обдукција, но наидуваме на отпор од семјствата на починатото лице со строго одбивање на обдукција. За ова во секое досие има изјава од член на семејството со која се одбива обдукција. Дијагнозата која се дава при смртта на пациент, без добиена согласност за обдукција од семејството, се постапвува од лекари врз основа на други параметри согласно медицинската пракса и наука.

## Социјални установи

**Член 161-176**

Во време на редовната посета на Специјалниот Институт во Демир Капија од страна на Комитетот за борба против тортурата, активностите за реновирање и адаптирање на санитариите и собите каде што престојуваат штитениците се во тек. По завршувањето на процесот на реновирање на Институцијата, функционални санитариите со непречен пристап се обезбедени за сите корисници во Демир капија. Функционални санитарии се обезбедени за сите корисници во институцијата во сите делови.

Крилото Б и Ц удомува вкупно 78 лица поделени во 4 делови. Има штитеници со сериозни и најтешка попреченост и комбинирана попреченост кои се затворени со 4 асистенти или во просек на секои 20 штитеници по еден асистент се гризи за нив. Лицата кои се сместени во овој дел имаат сериозна и длабока попреченост со хипер активно однесување, а некои од нив имаат агресивно и само-агресивно однесување (карактеристики кои бараат специјално внимание и поголем број на лица кои водат грижа за нив со цел да се организира било каква активност надвор или прошетка).

.

Во зимскиот период овие активности се речиси невозможни. Во пролет и лето кога дозволуваат временските околности, некои од штитениците се движат индивидуално во самата институција додека пак другите се надвор во дворот со придружба на асистентите и дефектологот.

Секако сите штитеници треба да имаат одредени активности надвор од установата најмалку еднаш неделно за што ќе бидат направени работните планови адаптирани на нивните способности и потреби. Заради недостаток на кадар ќе се направат дополнителни напори со цел што поголем број на штитеници во активностите надвор од институцијата.

Во врска со здравствената нега на штитениците, во 2020 година Демир Капија склучи договор со невропсихијатар кој ја посетува институцијата два пати месечно и е достапен во секое време , што значи доколку има потреба тој доаѓа и извршува дополнителни прегледи и дава соодветна терапија. Дополнително, кон овие здравствени услуги, штитениците имаат персонален забар и гинеколог. Забарските услуги се обезбедени во просториите во т.н. Ново Крило каде што има соодветна опрема , додека гинекологот прегледува во неговата амбуланта.

Штитениците кои се сместени во институцијата и во единиците за вдомување се штитеници со големи интелектуални попречености или со комбинирана попреченост и во зависност од состојбата се мобилни или делумно мобилни најчесто се на млечна диета заради што тие страдаат од анемија или нарушување на нивната здравствена состојба. Од тие причини се спроведуваат редовни здравствени прегледи еднаш годишно со анализа на крв и детален здравствен преглед. Во случај на дијагностицирана анемија или друг здравствен проблем се дава соодветна терапија и соодветна исхрана што се следи на дневно ниво од вработените здравствени работници во институцијата.

Во врска со трансфузијата на крвта, истата се дава по наредба на хематолог на лицата кои имаат дијагностицирано други заболувања (акутна леукемија и др).

.

Во случај на агресија или  само-агресија кај некои штитеници средствата за врзување никогаш не се употребуваат и штитениците не се сместуваат во Психијатриската болница во Негорци, туку се употребуваат соодветни седативи по преглед на невропсихијатар со кого е склучен договор.

Во наредниот период,  целокупниот ангажман и ресурси се насочени кон заштитата од Корона вирусот меѓу штитениците и вработените.